# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 1 година LVIII**

**02 февруари 2022 година**

**opve@veles.gov.mk**


**Бр.1**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 41, УЕ VII опфат помеѓу ул.„Никола Карев”, ул. “Борис Трајковски”, ул. „11-ти Октомври” и ул. „Индустриска” Општина Велес**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 41, УЕ VII опфат помеѓу ул.„Никола Карев”, ул. “Борис Трајковски”, ул. „11-ти Октомври” и ул. „Индустриска” Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/1
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 39, став 1, од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16, 64/18 и 168/18 ) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.01.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 41, УЕ VII, опфат помеѓу ул.”Никола Карев”, ул. “Борис Трајковски”, ул. “11-ти Октомври” и ул. “Индустриска”, Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за дел од УБ 41, УЕ VII, опфат помеѓу ул.”Никола Карев”, ул. “Борис Трајковски”, ул. “11-ти Октомври” и ул. “Индустриска”, Општина Велес.

Документацијата за донесување на деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр. 111/15, 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 2**

Планскиот опфат за кој се изработува Детален урбанистички план за дел од УБ 41 УЕ VII, опфат помеѓу ул.”Никола Карев”, ул. “Борис Трајковски”, ул. “11-ти Октомври” и ул. “Индустриска”, Општина Велес, е со основна класа на намена на површини А1- домување во станбени куќи- со површина од 2,73 ha.

Граници на опфатот се :

-од исток: осовина на ул. “Борис Трајковски”

-од југ: по осовина на ул. “11-ти Октомври”

-од запад: по осовина на ул. “Индустриска”

-од север: по осовина на ул. “Никола Карев”

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план за дел од УБ 41 УЕ VII, опфат помеѓу ул."Никола Карев", ул. "Борис Трајковски", ул. "11-ти Октомври" и ул. "Индустриска", Општина Велес
- Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје бр.24-4274/6 од 01.12.2021 год.
- Извештај за прифатени и неприфатени забелешки од Јавната презентација и Јавната анкета на Предлог Детален урбанистички план за дел од УБ 41 УЕ VII, опфат помеѓу ул."Никола Карев", ул. "Борис Трајковски", ул. "11-ти Октомври" и ул. "Индустриска", Општина Велес

**Член 4**

За Предлог- Детален урбанистички план за дел од УБ 41 УЕ VII, опфат помеѓу ул."Никола Карев", ул. "Борис Трајковски", ул. "11-ти Октомври" и ул. "Индустриска", Општина Велес, преку системот е - урбанизам добиена е согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје бр.24-4274/6 од 01.12.2021 год.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за дел од УБ 41, УЕ VII, опфат помеѓу ул."Никола Карев", ул. "Борис Трајковски", ул. "11-ти Октомври" и ул. "Индустриска", Општина Велес, го спроведува Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-555/2
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**бр. 2**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

## З А К Л У Ч О К
### за објавување Одлуката за прифаќање на ЛОД методологијата за имплементација на проектот ReLOaD2

Се објавува Одлуката за прифаќање на ЛОД методологијата за имплементација на проектот ReLOaD2, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/2
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.01.2022 година, донесе

## ОДЛУКА
### за прифаќање на ЛОД методологијата за имплементација на проектот ReLOaD2

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес ја прифаќа ЛОД методологијата за имплементација на проектот ReLOaD2 во рамките на „Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан ReLOaD2", финансиран од Европската унија, од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации- УНДП

**Член 2**

ЛОД методологијата е униформна употреба на алатки и документација за успешна имплементација и мониторинг на проектите и трошењето на средствата кои се распределуваат кон граѓанските организации.

**Член 3**

Општина Велес при мониторинг на проектите доставени од граѓанските организации и при трошењето на средствата кон граѓанските организации од своето подрачје, во целост ќе ја применува ЛОД методологијата за транспарентно финансирање на проекти на Граѓански организации.

**Член 4**

Општина Велес врз основа на примената на оваа ЛОД методологија, за реализација и имплементација на проектите и распределените средства ќе го известува Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-555/3
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.3**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/3
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-555/4
01.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 95, став 1 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ” бр. 193/16 и 72/2018 ), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.19/21) се вршат следните изменувања и дополнувања:

- **во табелата Расходи со средства од Буџетот на општина Велес,**

**во програма Ј – Комунални дејности, подпрограма ЈЛВ – Други комунални услуги**, во точка 1 – „Изградба на нова инфраструктура за економски развој Урбана единица VII, блок 42, месност Касарна Велес (50% се обезбедени од Министерство за локална самоуправа биро за Регионален развој)“ износот од „3.335.613,00 ден.“ се брише и се заменува со „1.908.053,00 ден“.

Понатаму

после точка 1 се додава нова точка која гласи: „точка 2 - Изградба на пристапен пат до село Горно Оризари (50% се од Министерство за локална самоуправа биро за Регионален развој, а 50% се од буџетот на Општина Велес) со износ од 1.427.560,00 денари.“

- **во табелата Расходи со средства обезбедени од донатори,**

**во програма Ј – Комунални дејности, подпрограма ЈЛВ – Други комунални услуги,** во точка 1 – „Изградба на нова инфраструктура за економски развој Урбана единица VII, блок 42, месност Касарна Велес (50% се обезбедени од Министерство за локална самоуправа биро за Регионален развој) износот „3.335.613,00 ден.“ се брише и се заменува со „1.908.053,00" ден.“.

Понатаму

после точка 1 се додава нова точка која гласи: „точка 2 - Изградба на пристапен пат до село Горно Оризари (50% се од Министерство за локална самоуправа биро за Регионален развој, а 50% се од буџетот на Општина Велес) со износ од 1.427.560,00 денари.“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Велес“.

Број 25-555/4
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.4**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/4
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Велес во 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-555/5
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 45 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07,3/09, 18/10 и 1/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Велес**
**во 2022 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2022 година се:
-Програмирање на работата на Советот за тековната година;
-Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;
-Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;
-Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2022 година.

## II.АКТИВНОСТИ

**I-во тромесечие**

| Ред.бр. | Наслов | Рок на разгледување на материјалот | Предлагач | Изготвувач |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за IV квартал 2021 година | **I-**во тромесечие - февруари | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Завршна сметка на Општина Велес за 2021 година. | **I-**во тромесечие-најкасно до 15-ти март | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 3. | Завршна сметка за 2021 година на општинските основни училишта | **I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март | ООУ | Општинските основни училишта |
| 4. | Завршна сметка за 2021 година на општинските средни училишта | **I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март | ОСУ | Општинските средни училишта |
| 5. | Завршна сметка за 2021 година на општинските културни установи – Библиотека и музеј | **I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март | Јавни установи | ЛУ Народен музеј и Локална библиотека „Гоце Делчев“ |
| 6. | Завршна сметка за 2021 година на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“Велес | **I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март | Јавна установа | ОЈУДГ „Димче Мирчев“ |
| 7. | Завршна сметка за 2021 година на ЈКП „Дервен“ | **I-**во тромесечие - февруари Најкасно до 15 март | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 8. | План за работа на ЈКП „Дервен„ во 2022 година | **I-**во тромесечие - јануари | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 9. | Завршна сметка за 2021 година на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ Велес | **I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ Велес |
| 10. | Годишен извештај за 2021 година на Општина Велес | **I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител |
| 11. | Буџетски календар за 2023 година | **I-**во тромесечие – до 31 март | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител |
| 12. | Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес за 2021 година | **I-**во тромесечие - јануари-февруари | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа |
| 13. | Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината | **I-**во тромесечие | СВР | СВР-Велес |
| 14. | Програми за реализирање на ученички екскурзии и други слободни активности | **I-**во тромесечие | ООУ | Општински основни училишта |
| 15. | Годишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“ Велес 2021 година | **I-**во тромесечие-февруари | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Годишен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“’Велес 2021 година | **I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март | Јавно претпријатие | ЈПССО „Парк спорт“ |
| 17. | Извештај за работата на ЛУ Народен музеј2021 година | **I -**во тромесечие февруари | Локална установа | ЛУ Народен музеј |
| 18. | Извештај за работата на Локална библиотека „Гоце Делчев“2021 година | **I -**во тромесечие февруари | Локална установа | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |
| 19. | Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2021 година | **I-**во тромесечие | Градоначалник | Вардарски плански регион |
| 20. | Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2021 година | **I-**во тромесечие | Градоначалник | Вардарски плански регион |
| 21. | Годишен извештај за епидемиолошката состојба на територијата на Општина Велес во 2021 година | **I-**во тромесечие – крај на февруари | ЈЗУ ЦЗЈ Велес | ЈЗУ ЦЗЈ Велес |
| 22. | Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2021 година | **I-**во тромесечие | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 23. | Годишен извештај за реализација на Програма за подигнување и уредување на нови зелени површини за 2021 година | **I-**во тромесечие | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 24. | Годишен извештај за реализација на Програма за уредување на градско зеленило за 2021 година | **I-**во тромесечие | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |

**II-ро тромесечие**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за I квартал 2022 година | **II**-ро тромесечие – мај | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Тромесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“2022 година | **II**-то тромесечие | Претседател на Совет | ЈКП „Дервен“ |
| 3. | Тромесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“2022 година | **II**-то тромесечие | Претседател на Совет | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ |
| 4. | Информација за состојбата со водоснабдувањето и безбедноста на водата за пиење во Општина Велес во 2021 година | **II**-то тромесечие | ЈЗУ ЦЗЈ Велес | ЈЗУ ЦЗЈ Велес |
| 5. | Информација за санитарно-хигиенската состојба на водата во акумулацијата Езеро Младост за 2021 година | **II**-то тромесечие | ЈЗУ ЦЗЈ Велес | ЈЗУ ЦЗЈ Велес |
| 6. | Информација за квалитетот на воздухот и неговото влијание врз здравјето на луѓето во Општина Велес во 2021 година | **II**-то тромесечие | ЈЗУ ЦЗЈ Велес | ЈЗУ ЦЗЈ Велес |
| 7. | Информација за безбедноста на храната и биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, ученички домови и болнички установи за 2021 година | **II**-то тромесечие | ЈЗУ ЦЗЈ Велес | ЈЗУ ЦЗЈ Велес |
| 8. | Согласност за паралелки со помал број на ученици | **II**-то тромесечие | ООУ и ОСУ | Општински училишта |

**III-то тромесечие**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за II квартал 2022 година | **III**-то тромесечие - август | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“2022 година | **III**-то тромесечие октомври | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 3. | Полугодишен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“2022 година | **III**-то тромесечие | Јавно претпријатие | ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ |
| 4. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ | **III**-то тромесечие | ОСУ | ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ |
| 5. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ОСУ „Јовче Тесличков“ | **III**-то тромесечие | ОСУ | ОСУ „Јовче Тесличков“ |
| 6. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ССОУ „Димитрија Чуповски“ | **III**-то тромесечие | ССОУ | ССОУ „Димитрија Чуповски“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ССОУ „Коле Неделковски“ | **III-**то тромесечие | ССОУ | ССОУ „Коле Неделковски“ |
| 8. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ОУД „Лазар Лазаревски“ | **III-**то тромесечие | ОУД | ОУД „Лазар Лазаревски“ |
| 9. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООУ „Васил Главинов“ | **III**-то тромесечие | ООУ | ООУ „Васил Главинов“ |
| 10. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООУ „Блаже Конески“ | **III**-то тромесечие | ООУ | ООУ „Блаже Конески“ |
| 11. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ | **III**-то тромесечие | ООУ | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ |
| 12. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООУ „Панко Брашнаров“ | **III**-то тромесечие | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 13. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари | **III**-то тромесечие | ООУ | ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари |
| 14. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци | **III**-то тромесечие | ООУ | ООУ „Стојан Бурчевски Буридан “ с. Иванковци |
| 15. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООУ „Лирија“ село Бузалково | **III**-то тромесечие | ООУ | ООУ „Лирија“ село Бузалково |
| 16. | Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2021/2022 година на ООМУ „Стефан Гајдов“ | **III**-то тромесечие | ООМУ | ООМУ „ Стефан Гајдов“ |
| 17. | Годишна програма за работа на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ во учебната 2022/2023 | **III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември | ОСУ | ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ |
| 18. | Годишна програма за работа на ОСУ „ Јовче Тесличков“ во учебната 2022/2023 | **III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември | ОСУ | ОСУ „ Јовче Тесличков“ |
| 19. | Годишна програма за работа на ОССУ „Димитрија | **III**-то тромесечие – најкасно до 30 | ОССУ | ОССУ „Димитрија Чуповски“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20. | Годишна програма за работа на ОССУ „Коле Неделковски“ во учебната 2022/2023 | **III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември | ОССУ | ОССУ „Коле Неделковски“ |
| 21. | Годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2022/2023 | **III**-то тромесечие – најкасно до 15 септември | ОУД | ОУД „Лазар Лазаревски“ |
| 22. | Годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов“ во учебната 2022/2023 | **III**-то тромесечие најкасно до 15 август | ООУ | ООУ „Васил Главинов“ |
| 23. | Годишна програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ во учебната 2022/2023 | **III**-то тромесечие најкасно до 15 август | ООУ | ООУ „Блаже Конески“ |
| 24. | Годишна програма за работа на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 2022/2023 година | **III**-то тромесечие најкасно до 15 август | ООУ | ООУ „Св. Кирил и Методиј“ |
| 25. | Годишна програма за работа на ООУ „ Панко Брашнаров“ во учебната 2022/2023година | **III**-то тромесечие најкасно до 15 август | ООУ | ООУ „Панко Брашнаров“ |
| 26. | Годишна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов “с. Горно Оризари во учебната 2022/2023година | **III**-то тромесечие најкасно до 15 август | ООУ | ООУ„Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари |
| 27. | Годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци во учебната 2022/2023година | **III**-то тромесечие најкасно 15 август | ООУ | ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци |
| 28. | Годишна програма за работа на ООУ „Лирија“ село Бузалково Велес во учебната 2022/2023 година | **III**-то тромесечие најкасно 15 август | ООУ | ООУ „Лирија“ село Бузалково Велес |
| 29. | Годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ во учебната 2022/2023година | **III**-то тромесечие најкасно до 15 август | Локална установа | ООМУ „Стефан Гајдов“ |
| 30. | Анализа на здравствената состојба и здравствената заштита на населението во општина Велес во 2021 година | **III**-то тромесечие најкасно до 30 септември | ЈЗУ ЦЗЈ Велес | ЈЗУ ЦЗЈ Велес |
| 31. | Годишен план за вработување на ЈКП „Дервен“ Велес за 2023 година | **III**-то тромесечие | ЈКП „Дервен“ Велес | ЈКП „Дервен“ Велес |

**IV-то тромесечие**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Квартален извештај на Општина Велес за III квартал 2022 година | **IV-**то тромесечие-ноември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 2. | Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во период од 1-9 месец 2022 година | **IV-**то тромесечие-декември | ЈКП „Дервен“ | ЈКП „Дервен“ |
| 3. | Одлука за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2022 година | **IV-**то тромесечие-ноември | Комисијата | Комисија за општествени дејности |
| 4. | Извештај за работата на Комисијата и Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти за учебната 2022/2023 година | **IV -**то тромесечие | Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес | Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес |
| 5. | Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој во 2023 година. | **IV-**то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за локален економски развој |
| 6 | Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2023 година | **IV-**то тромесечие | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 7 | Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2023 година. | **IV-**то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 8 | Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2023 година. | **IV-**то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 9 | Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот секторот во 2023 година. | **IV-**то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 10 | Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјална и здравствена заштита во 2023 година. | **IV-**то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |
| 11 | Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2023 година. | **IV-**то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за јавни дејности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2023 година. | **IV**-то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа |
| 13 | Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес и развојни програми во 2023 година. | **IV**-то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура |
| 14 | Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во 2023 година. | **IV**-то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за урбанизам и заштита на животната средина |
| 15 | Програма за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2022/2023 година | **IV**-то тромесечие до 15-ти ноември | Градоначалник | Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура |
| 16 | Буџет на Општина Велес за 2023 година | **IV**-то тромесечие до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 17 | Одлука за извршување на Буџетот на општина Велес за 2023 година | **IV**-то тромесечие до 31-ви декември | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања |
| 18 | Извештаи за работата на организационите одбори на Културните манифестации основани од Советот на Општина Велес за 2021 година | **IV**-то тромесечие | Градоначалник | Организациони одбори на културните манифестации |
| 19 | Програма за подигнување и уредување на нови зелени површини за 2023 година | **IV**-то тромесечие | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 20 | Годишна програма за работата на ЈП „Парк спорт паркинзи“ за 2023 година | **IV**-то тромесечие | Јавно претпријатие | ЈП „Парк Спорт и Паркинзи„Велес |
| 21 | Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2023 година. | **IV**-то тромесечие | Градоначалник | Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура |
| 22 | Програма за уредување и одржување на градско зеленило за 2023 година. | **IV**-то тромесечие декември | Јавно претпријатие | ЈКП „Дервен“ |
| 23 | Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2023 година. | **IV**-то тромесечие | Комисија за изготвување на Програмата | Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа -Комисијата |
| 24. | Годишна програма за работа на културната установа – Локална библиотека „Гоце Делчев“ | **IV**-то тромесечие (ноември) | Локална установа | Локална библиотека „Гоце Делчев„ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | Годишна програма за работа на Локалната установа – Народен музеј | **IV-**то тромесечие (ноември) | Локална установа | Локална установа Народен музеј |
| 26. | Деветмесечен извеш тај за работата на ЈКП „Дервен“ | **IV-**то тромесечие | Претседател на Совет | ЈКП „Дервен“ |
| 27. | Деветмесечен извештај за работата на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ | **IV**-то тромесечие | Претседател на Совет | ЈП„Парк спорт и паркинзи“ |
| 28. | Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градинка за 2022/2023година | **IV I-**то тромесечие<br><br>Октомври | Локална установа | Детска градинка „Димче Мирчев“ |
| 29. | Одлука за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2022 година | **IV -**то тромесечие- најкасно до 1 ноември | Комисијата | Комисија за општествени дејности |
| 30. | Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2022 година | **IV I-**то тромесечие- најкасно до 1 ноември | Комисијата | Комисија за општествени дејности |

**III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Согласно вака планираните активности по оваа Програма, јавните служби основани од Општината се должни тромесечните извештаи за работата во тековната година до Советот на Општина Велес да ги доставуваат веднаш по изминувањето на рокот за кој се задолжени со закон.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Велес и јавните служби основани од Општината.

Годишните програми и Буџетот ќе бидат донесувани во две фази и за истите ќе бидат организирани јавни расправи. Советот на Општина Велес во тековната година, покрај вака планираното донесува и повеќе одлуки, информации, извештаи и решенија.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-555/5
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.5**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/5
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2022 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-555/6
01.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ”, бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01. 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2022 година**

Поаѓајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Северна Македонија, а особено во Општината Велес, во 2022 година Општина Велес ќе биде и носител, а во одредени случаи ќе се вклучи во одбележувањето на следните значајни настани и личности:

| Бр. | ДАТУМ | НАСТАН |
|---|---|---|
| 1. | 14 јануари | **79 години од загинувањето на народниот херој Благој Страчковски** |
| | Носител: | Општина Велес |
| 2. | 24 јануари | **93 години од смртта на Васил Главинов** |
| | Носител: | Општина Велес |
| 3. | 2 февруари | **115 години од раѓањето и**<br>**21 година од смртта на Ѓорѓи Шопрајанов** |
| | Носител: | Општина Велес |
| 4. | 15 февруари | **183 години од раѓањето на Рајко Жинзифов и**<br>**145 години од смртта на Рајко Жинзифов** |
| | Носител: | Општина Велес |
| 5. | 8 Март | **Меѓународен ден за правата на жената** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | Носител: | Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Велес |
| 6. | 13 март | **115 години од раѓањето на Петре Прличко, бардот на македонското глумиште** |
| | Носител: | Општина Велес |
| 7. | 14 март | **80 години од Штрајкот на учениците во велешката гимназија** |
| | Носител: | Општина Велес и<br>СОУ „Гимназија Кочо Рацин" |
| 8. | 7 април | **78 години од загинувањето на народниот херој Димче Мирчев** |
| | Носител: | Општина Велес и<br>ОЈУДГ „Димче Мирчев" |
| 9. | 28 април- 1 мај | **119 години од Солунски атентати (Гемиџии)** |
| | Носител: | Општина Велес |
| 10. | 1 Мај | **Меѓународен ден на трудот** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | Носител: | Синдикалните организации од Општина Велес |
| 11. | 4 мај | **119 години од загинувањето на Гоце Делчев** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | Носител: | Локална библиотека „Гоце Делчев" |
| 12. | 9 Мај | **Ден на победата над фашизмот**<br>**Ден на Европа** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | Носител: | Комисија на ЕУ и<br>Општина Велес |
| 13. | 24 Мај | **Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј** |
| | Носител: | Општина Велес |
| 14. | 5 јуни | **Светски ден на екологијата** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | **Носител:** | Еколошките друштва во Општина Велес |
| **15.** | **13 јуни** | **79 години од загинувањето на Кочо Рацин** |
| | | Почит кон Рацин во Велес и на местото на погибието - на Лопушник |
| | **Носител:** | Општина Велес и |
| **16.** | **12 јули** | **209 години од раѓањето и**<br>**144 години од смртта на Андреја Дамјанов** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **17.** | **13 јули** | **71 година од смртта на Панко Брашнаров** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **18.** | **26 јули** | **73 години од загинувањето на борците од Егејска Македонија во граѓанската војна во Грција (1946-1949)** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | **Носител:** | Здруженија на граѓани и<br>Општина Велес |
| **19.** | **2 Август** | **Ден на Републиката**<br>78 години од I Заседание на АСНОМ<br>119 години од Илинденското востание |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **20.** | **9 август** | **139 години од раѓањето на Панко Брашнаров** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **21.** | **9 Август** | **Ден на патронот и заштитник на град Велес** -<br>**Св. вмч. Пантелејмон** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | **Носител:** | Општина Велес со Повардарска Епархија на МПЦ |
| **22.** | **22 август** | **204 години од раѓањето и**<br>**140 години од смртта на Јордан Хаџи Константинов – Џинот** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **23.** | **2 септември** | **78 години од формирањето на Осмата македонска народноослободителна ударна бригада** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | **Носител:** | Гарнизон на АРСМ - Велес |
| **24.** | **8 Септември** | **Ден на независноста на Република Северна Македонија**<br>31 година од независноста |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **25.** | **11 Октомври** | **Ден на народното востание**<br>81 година од Народното востание |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **26.** | **23 Октомври** | **Ден на македонската револуционерна борба** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **27.** | **9 Ноември** | **Денот на ослободувањето на Велес и ден на формирање на Народно - ослободителниот одбор на Велес**<br>78 години од ослободувањето |
| | | Свеченост за доделување Деветтоноемвриски награди и признанија |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **28.** | **16 ноември** | **27 години од смртта на Петре Прличко** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **29.** | **25 ноември** | **83 години од излегувањето од печат на стихозбиката „Бели мугри" од Кочо Рацин** |
| | **Носител:** | Општина Велес и Локална библиотека „Гоце Делчев" |

| | | |
|---|---|---|
| **30.** | **3 Декември** | **Светски ден на лицата со попреченост** |
| | | Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво |
| | **Носител:** | Здруженија на граѓани, установи, институции и Општина Велес |
| **31.** | **8 Декември** | **Ден на Св. Климент Охридски** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **32.** | **22 декември** | **114 години од раѓањето на Кочо Рацин** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| **33.** | **22 декември** | **120 години од смртта на Миле Поп – Јорданов** |
| | **Носител:** | Општина Велес |
| | **Значајни датуми за граѓаните припадници на етничките заедници** | Континуирано во текот на целата календарска година, согласно утврдени датуми за чествување на Меѓународни празници и традиционални датуми |

Број 25-555/6
01.02.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Бр.6**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/6
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-555/7
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 36 став 1 Закон за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" 38/05, 110/08, 118/08 и 51/11), член 99, став 1 од Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес"бр. 12/06, 3/09 и 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.01.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2022 година**

**I Вовед**

**I.I Општ дел**

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ" бр.15/15, 98/15 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се' она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште заради привремена употреба на просторот, до реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е објект од одбласта на сообраќајот (копнен, воден и воздушен), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**I.II Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Велес, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2022 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Со оваа програма се опфатени локалитетите во следнава урбанистичка документација:

1. Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост одлука бр. 0701-2095/2 од 16.05.2007 година.

2. ДУП: за МЗ 9-ти Ноември, измена и дополнување на одредбите за спроведување на ДУП за МЗ 9-ти Ноември, одлука бр. 08-3225/1 од 30.06.1988, измена бр. 07-487/6 од 12.05.2000

3. ДУП за дел од УЕ 2, УБ 12, Одлука бр. 07-7149/4 од 30.09.2014 година

